| Предмет | ЗДРАВСТВЕНА НЕГА НА ЖЕНАТА СО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО |
|---|---|
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломирана мед.сестра/техничар |
| Код | СМ С/Т-311 |
| Студиска година | Трети |
| Семестар | Петти |
| Вкупно часови | 280 |
| Кредити | 11 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишување во трета година |
| Изведува | Катедра по гинекологија и акушерство |
| Одговорен наставник | Проф.д-р Славјанка Поповска |
| Адреса: | Клиника за гинекологија и акушерство "Водњанска" бр.17 1000 Скопје, Тел. +389 2 147 69 |
| Клучни зборови | Студии за медицински сестри и техничари, професионални предмети, гинекологија, акушерство |
| Учебни цели | Студентот ги осознава и учи начелата кои го усмеруваат во работата на медицинската сестра во специјалната здравствената нега на гениколошки болни, бремени, родилки и породени<br>Студентот ги усвојува и збогатува знаењата за гинеколошка и акушерска здравствена нега<br>Студентот се обидува да направи типична негователска дијагноза и се оспособува за разрешување на негователските проблеми во процесот на здравствена нега |
| Кратка содржина | **Теоретска настава:**<br>**Здравствена нега (40 часа):**<br>• Здравствено просветување на младината за сексуалниот живот<br>• Улогата и значењето на медицинската сестра во планираната<br>• репродукција<br>• Здравствена нега на болна по вештачко прекинување на бременоста<br>• Здравствена нега на болна со акутно гинеколошко-акушерско заболување<br>• Здравствена нега на болна со полно-преносливо заболување<br>• Предоперативна и постоперативна здравствена нега на гинеколошки болна<br>• Здравствена нега на болна со уринарна инконтиненција<br>• Здравствена нега на болна со тешкотии во пред- и пост-менопаузата<br>• Здравствена нега на гинеколошка болна со малигна болест<br>• Улога на медицинската сестра во предпородилниот здравствен период<br>• Контрола на здрава и болна трудница<br>• Улогата на медицинската сестра во психолошката подготовка на трудница за породувањето<br>• Школа за родители<br>• Здравствена нега на родилка и најчестите негователски дијагнози<br>• Здравствена нега на родилка по царски рез<br>• Здравствена нега на породената (мајка) и новороденче<br>• Улогата на медицинската сестра во пост-породилниот здравствен период<br>• Улогата на медицинската сестра при доење |

<table>
<tr><td></td><td>Гинекологија и акушерство (40 часа)<ul><li>Нормална бременост</li><li>Контролни прегледи во бременост</li><li>Компликации во бременост</li><li>Раѓање и postродилен период</li><li>Неправилно раѓање и патолошки пуерпериум</li><li>Бенигни и малигни заболувања на генитални органи</li><li>Сполно преносливи болести</li><li>Контрацепција</li><li>Стерилитет и методи за асистирана репродукција</li></ul>Пракса (200 часа):<br>Праксата е задолжителна и се изведува на различни гинеколошки и акушерски одделенија под водство на ментор-професор и мед.сестра одговорна за тој оддел. Студентот е должен да се вклучи во сите активности од подрачјето на здравствената нега на гинеколошките болни, бремените, родилките и породените во текот на полно работно време, при што води дневник за своите активности.</td></tr>
<tr><td>Организација</td><td>Теоретска настава: 80 часа<br>Пракса: престој во тек на полно работно време (200 часа)</td></tr>
<tr><td>Методи на учење</td><td>Интерактивни предавања, пракса</td></tr>
<tr><td>Предвидени учебни резултати</td><td>Знаење и разбирање:<br>Студентот ќе се стекне со знаење и разбирање за најчестите здравствени проблеми од доменот на гинекологијата и акушесрството и ќе ги совлада основните принципи на здравствената нега во тој домен.<br>Клучни вештинии:<br>Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења .</td></tr>
<tr><td>Специфични препораки за наставата</td><td>Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењ ето за да добие потпис.<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br>
<table>
<tr><th>Вид на активност</th><th>Здр.Нега</th><th>ГинАкуш</th></tr>
<tr><td>Теоретска настава *</td><td colspan="2">5-12</td></tr>
<tr><td>Пракса **</td><td>10-18</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки-2</td><td>15-25</td><td>20-30</td></tr>
<tr><td>Завршен практичен испит</td><td>10-15</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td colspan="2">60-100</td></tr>
</table>
<br>присуство на теоретска настава<br>51% - 60% - 5 бода<br>61%-70% - 6 бода<br>71%-80% - 7 бода<br>81%-90% - 8 бода<br>91% -100% - 12 бода.<br>практична настава (200 часа): секој час носи по 0.1 бода<br>присуство - 0.05 бода<br>активност - 0.05 бода</td></tr>
<tr><td>Проверка на знаења</td><td>Континуирана проверка (колоквиум):<br>Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка. Проверките се писмени (тест со повеќекратен избор). Студентот задолжително се јавува на колоквиум, во спротивно не стекнува право на потпис на крајот на семестарот.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од двете континуирани проверки кога се јавува на завршен испит. Доколку студентот положи еден од двата колоквиума се јавува на комплетен завршен испит. Доколку студентот не ги положи двата колоквиуми нема право да се јави на компелетен завршен испит.<br><br>Завршен испит:<br>Студент кој ги положил двата колоквиуми полага завршен испит (практичен). Се изведува во испитен-термин (јануари/февруари, јуни/јули и/или август/септември).Се состои од 3 задачи (вештини) што студентот треба да ги изведе. Полагање на практичниот испит е дозволено само откако студентот ќе ја заврши праксата, ќе добие потпис на предметот и ќе освои минимум бодови од двата колоквиуми.<br><br>Комплетен завршен испит:<br>Студентот полага комплетен завршен испит ако не освоил минимум бодови (60%) на еден од двата колоквиуми. Испитот претставува комбинација од колоквиумот што не е положен и практичниот испит. Студентот е должен најпрвин да го положи неположениот колоквиум, а потоа да пристапи кон полагање на практичниот испит. Доколку студентот не го положи неположениот колоквиум, нема право да го полага практичниот испит, односно испитот не смее да се оценува.<br><br>Оформување на целосната оценката:<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки и практичниот испит. Положените колоквиуми како услов за полагање на завршен испит важат шест последователни сесии (без оглед дали студентот се јавил на испит), по што студентот го преслушува предметот.<br><br>ВОНРЕДНИ СТУДИИ:<br><br>Се изведуваат 40% од предвидената теоретска настава и до 40% од предвидената ПРАКСА. Праксата се организира согласно договорот со студентите.<br>Испитот се изведува во ИСПИТНИ СЕСИИ и се состои од:<br>- тест со повеќекратен избор<br>- практичен испит (се изведува откако ќе се положи тестот, во спротивно важат истите правила како за редовните студенти). Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности. |
| Учебни помагала | Основни:<br>Авторизирани предавања од Катедрата |